Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 04-13636/13
Скопје/Shkup_________година/viti
27-12-2024

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 52 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/2022 и 208/2024), ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за извршен избор на кандидат по Интерен оглас број 1
за пополнување на работни места со унапредување, број 04-13636/2 од 12.12.2024 година во Јавното претпријатие за државни патишта
за работно место под реден број 3

I. За пополнување на работно место со унапредување во Јавното претпријатие за државни патишта, по објавениот Интерен оглас број 1, за работно место под реден број **3.Помошник раководител на сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови** со шифра КДР0102Б03019, 1 (еден) извршител, избран е следниот кандидат:

- **Мартин Цеков**

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција во постапката за унапредување формирана со Решение број 04-13636/5 од 19.12.2024 година, по објавениот Интерен оглас број 1 за пополнување на работни места со унапредување број 04-13636/2 од 12.12.2024 година во Јавното претпријатие за државни патишта, спроведе постапка во согласност со Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/2022 и 208/2024) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот за поднесување на пријава за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на РМ" бр.11/15 и 35/18 и „Службен весник на РСМ" бр.303/20).

Комисијата за селекција во постапката за унапредување на ден 25.12.2024 година година во просториите на Јавното претпријатие за државни патишта изврши административна селекција за интерниот оглас и изготви Записник број 04-13636/6 од 25.12.2024 година, а на ден 26.12.2024 година во просториите на Јавното претпријатие за државни патишта од страна на ВД Директорот се спроведе интервју со кандидатот кој беше уредно поканет на интервју и се

изготви Записник број 04-13636/10 од 26.12.2024 година. Согласно истото, Комисијата до ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави финална ранг листа.

Врз основа на наведеното, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на на приемот на оваа Одлука.

ВД Директор
Коце Трајановски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

Доставено до:
- Одделение за човечки ресурси и општи работи
- Именуваниот
- Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал: Даниела Тасевски
Одобрил: Сузана Атанасова